Галеника а.д.

# УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството**

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања,обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.*
- *Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица,бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.*

**Упатството за пациентот содржи:**


1.Што претставува **Hydrocyclin®/ Хидроциклин®** и за што се употребува
2.Што мора да знаете, пред да го земете/ употребите лекот **Hydrocyclin®/ Хидроциклин®**
3.Како да го земате/ употребувате **Hydrocyclin®/ Хидроциклин®**
4.Можни несакани дејства (реакции)
5.Чување и рок на употреба на **Hydrocyclin®/ Хидроциклин®**


## HYDROCYCLIN®/ ХИДРОЦИКЛИН®
## (10 mg / 30 mg) / 1g маст
## hydrocortisonum, oxytetracyclinum

**Активна супстанција**: хидрокортизон,окситетрациклин.
**Помошни супстанции:**
Парафин, цврст; парафин, течен, лесен; ланолин и парафин, бел, мек.

**Носител на одобрение за ставање на лекот во промет:**
Галеника а.д., Претставништво Скопје, 1000 Скопје,Република Македонија, Бул.Кочо Рацин бр.14
**Производител на лекот:**
Галеника а.д. , Батајнички друм б.б., 11 080 Белград, Република Србија

## 1.Што претставува Hydrocyclin®/ Хидроциклин® и за што се употребува

**Фармацевтска дозирана форма**
Маст.

**Состав**
1 g маст содржи 10 mg хидрокортизон и 30 mg окситетрациклин хидрохлорид.
**Изглед**
Хомогена маст со жолта боја.
**Содржина на пакување**
Туба 5 g:
Внатрешното пакување на лекот е алуминиумска туба со отворено грло и пипало со пластичен затворач во која се наоѓа 5 g маст.
Туба 20 g:
Внатрешното пакување на лекот е алуминиумска туба со затворено грло со пластичен затворач и трн во која се наоѓаат 20 g маст.

Надворешното пакување на лекот е сложлива картонска кутија во која се наоѓа туба со 5 g или 20 g маст и упатство за лекот.

**Hydrocyclin®/ Хидроциклин®** маст содржи две активни супстанции: хидрокортизон и окситетрациклин.
Хидрокортизон е кортикостероид кој се употребува за намалување на знаците на воспаление на кожата кои се јавуваат поради алергии, инфекции или повреди.
Окситетрациклин припаѓа на група на лекови кои се викаат тетрациклински антибиотици. Се употребуваат за лекување на инфекции предизвикани со бактерии и некои други микроорганизми.
**Hydrocyclin®/ Хидроциклин®** маст се употребува за лекување на :
- воспалителни промени на кожата (како што е егзем),
- алергиски промени на кожата (нпр. после контакт со одредени козметички препарати, билки или лекови),
- инфицирани промени на кожата после каснување од инсекти

**2.Што мора да знаете пред да го земете/употребите Hydrocyclin®/ Хидроциклин®**
**Немојте да го земате/употребувате Hydrocyclin®/ Хидроциклин®:**
•Ако некогаш сте имале алергиска реакција на било која компонента од овој лек. Таа може да се манифестира во форма на јадеж, црвенило на кожата или отежнато дишење.
•Ако имате инфекција на кожата која се манифестира во форма на пликови или жолти красти (примарна бактериска инфекција), нпр.импетиго, чиреви (фурункулоза).
•Ако сте бремени, планирате да забремените или ако доите.
•Ако е пациентот доенче или дете во фаза на никнување на трајни заби.
Ако било што од горе наведеното се однесува на Вас, посоветувајте се со својот лекар.

**Бидете посебно внимателни со Hydrocyclin®/ Хидроциклин®**
Ако имате намера **Hydrocyclin®/ Хидроциклин®** маст да ја употребувате на големи површини на кожата или под оклузивни завои, посоветувајте се со својот лекар или фармацевт пред почетокот на употреба на овој лек.

**Земање/употребување на Hydrocyclin®/ Хидроциклин® со храна и со напиток**
Земањето на храна и пијалоци не влијае значително на дејството на лекот **Hydrocyclin®/ Хидроциклин®**

**Бременост и доење**
*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.*
Немојте да го употребувате лекот **Hydrocyclin®/ Хидроциклин®** ако сте бремени , се обидувате да забремените или доите. Употребата на овој лек е контраиндицирана во текот на бременоста и доењето. Посоветувајте се со својот лекар.
Пред да почнете да земате некој лек, посоветувајте се со својот лекар или фармацевт.

**Влијание врз способноста за возење или ракување со машини**
Не се очекува овој лек да влијае на способноста на управување со моторни возила и ракување со машини.

**Важни информации за некои составни компоненти на Hydrocyclin®/ Хидроциклин®**
Лекот **Hydrocyclin®/ Хидроциклин®** во својот состав содржи ланолин, кој може да предизвика локални реакции на кожата(нпр.контактен дерматитис).

**Земање / употребување на други лекови**
*Ве молиме да имате во вид дека овие укажувања можат да се однесуваат и на оние производи што сте ги земале во минатото или ќе ги земате во иднина.*
*Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате,или ако неодамна сте земале било кој друг лек,дури и оние кои не се на лекарски рецепт.*
Лекот **Hydrocyclin®/ Хидроциклин®** не би требало да има ефекти на било кој друг лек кој го земате. Доколку имате некои дилеми во врска со истовремената употреба на други лекови, посоветувајте се со својот лекар или фармацевт. Кажете му на својот лекар или фармацевт ако до неодамна сте земале било кој друг лек, вклучувајќи ги и оние кои може да се набават без лекарски рецепт.

**3.Како да го земате/ употребувате Hydrocyclin®/ Хидроциклин®**
*Строго придржувајте се кон упатствата на лекарот. Дозите не смеете да ги менувате или лекувањето да го прекинувате без да се посоветувате со лекар.*
Лекот **Hydrocyclin®/ Хидроциклин®** земајте го секогаш точно на време онака како Ви објаснил Вашиот лекар. Ако не сте сосема сигурни, проверете со својот лекар или фармацевт.

*Возрасни и постари особи*
Внимателно исчистете го заболеното место на кожата,а потоа нанесете тенок слој на маст, 2 до 4 пати дневно. Маста можете да ја нанесете со стерилна газа во случај на присуство на инфекција.
Не прекинувајте со употребата на **Hydrocyclin®/Хидроциклин®** маст веднаш откако ќе ги забележите првите знаци на подобрување на третираната кожа.

Доколку после 7 дена од почетокот на терапијата не дојде до подобрување, обратете се на лекар. Овој лек е наменет исклучиво за надворешна употреба. Немојте да го употребувате за лекување на инфекција на око.

*Деца*
Употребата на **Hydrocyclin®/ Хидроциклин®** маст не се препорачува.

*Ако имате впечаток дека лекот* **Hydrocyclin®/ Хидроциклин®** *премногу слабо или премногу јако делува на Вас, разговарајте со својот лекар или фармацевт.*

**Ако сте земале/употребиле поголема доза од Hydrocyclin®/ Хидроциклин® отколку што треба**
*Ако сте земале / употребиле поголема доза од* **Hydrocyclin®/ Хидроциклин®** *отколку што треба, веднаш треба да се посоветувате со Вашиот лекар или фармацевт.*
**Hydrocyclin®/ Хидроциклин®** маст е наменета исклучиво за надворешна употреба.
Доколку случајно проголтате било која количина **Hydrocyclin®/ Хидроциклин®** маст, веднаш известете го својот лекар или контактирајте ја најблиската служба за итна помош.

**Ако сте заборавиле да го земете / употребите лекот Hydrocyclin®/ Хидроциклин®**
*Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза.*
Во случај да сте заборавиле да го земете лекот,продолжете со терапијата кога ќе се сетите. Не нанесувајте двојна доза од лекот **Hydrocyclin®/ Хидроциклин®** да би ја надоместиле прескокнатата доза.

**Ефекти кога престанува третманот со Hydrocyclin®/ Хидроциклин®**
Во случај на нагло прекинување на употребата на **Hydrocyclin®/ Хидроциклин®** маст, не доаѓа до несакани последици.
Ако имате било какви дополнителни прашања за употребата на овој лек, обратете се на својот лекар или фармацевт.

**4.Можни несакани дејства (реакции) на Hydrocyclin®/ Хидроциклин®**
*Како и сите лекови* **Hydrocyclin®/ Хидроциклин®** *може да има несакани дејства, иако тие не мора да се манифестираат кај сите.*
Доколку забележите некои до доле наведените симптоми, веднаш обратете се на својот лекар или фармацевт:
•свиркање, отежнато дишење или стегање во градите ;
•оток на капаците, лицето или усните;
•мали јазли на кожата или точкасто црвенило на кожата пропратено со јадеж.

Следните несакани дејства може да се јават на местото на примената на **Hydrocyclin®/ Хидроциклин®** маст:
•пецкање;
•јадеж;
•иритација;
•сувост на кожата;
•кожен исип или алергиска реакција;

•акни;
•истенчување или омекнување на кожата ;
•ширење или влошување на инфекцијата;
•воспаление на коренот на влакното (фоликулитис);
•зголемен раст на влакната (хипертрихоза);
•промени на кожата со бела боја (хипопигментација);
•исип предизвикан од топлина;
•стрии (црвени линии по кожата).

Овие дејства обично ги снемува после престанување со употребата на **Hydrocyclin®/ Хидроциклин®**маст. Во случај да не дојде до нивно повлекување, обратете се на својот лекар или фармацевт.

*Ако приметите било какви несакани дејства кои не се спомнати во ова упатство,Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.*

**5.Чување и рок на употреба на Hydrocyclin®/ Хидроциклин®**

**Да се чува надвор од дофат и видокруг на деца.**

Да се чува на температура до 25 °C, во оригиналното пакување, поради заштита од светлост и влага.

Лековите не треба да се фрлаат во канализација, ниту во домашниот отпад. Прашајте го својот фармацевт како да ги отстраните лековите кои не Ви се веќе потребни.Овие мерки помагаат во зачувувањето на животната средина.

Неупотребениот лек се уништува во согласност со важечките прописи.

**Рок на употреба**

Рок на употреба пред првото отворање: 3 години.

Рок на употреба после првото отворање: 30 дена на температура до 25 °C, во оригиналното пакување .

Немојте да го користите лекот **Hydrocyclin®/ Хидроциклин®** после истекот на рокот на употреба означен на пакувањето.Рокот на употреба истекува последниот ден од наведениот месец.

*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.*

**Начин на издавање на лекот**

Лекот се издава во аптека само на рецепт.

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**

*Внатрешното упатство е одобрено во февруари 2018. година.*

**Број на одобрение за ставање на лекот во промет**

**Hydrocyclin®/ Хидроциклин®** пакување,5g: 15-7983/12 на 26.02.2013.

**Hydrocyclin®/ Хидроциклин®** пакување,20g: 15-7983/2 -12 на 26.02.2013.